Друштво за угостителство и туризам
КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт
Бр. 03-178
28.09.2006 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 215 ст.1 т.8 во врска со член 257 од Законот за трговски друштва(Службен весник на Р.М бр.28/04) и член 14 од Договорот за основање Собирот на содружници на Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје на ден 28.09.2006 ја донесоа следната

# **О Д Л У К А**

## **зголемување на основната главнина на Друштвото**

Чл.1

Се врши зголемување на основната главнина на Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје со превземање на нов влог од страна на содружникот:
1.АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година.

Чл.2

Основната главнина на друштвото се зголемува за **200.000,00 Евра** односно **12.238.000,00 денари** во денарска противвредност според курсот на НБРМ:

1.Содружникот АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година дополнително вложува:

-паричен влог во износ од **200.000,00 Евра** односно **12.238.000,00 денари** во денарска противвредност според курсот на НБРМ, кој износ е во целост уплатен на жиро сметката на Друштвото отворена при Тутунска банка АД Скопје пред поднесување на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

Чл.3

Со зголемување на основната главнина по пат на превземање на влог од страна на содружниците на Друштвото за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година и СТЕЛАР ИНТЕРНЕШАНАЛ С.А. со седиште во Траст Компани Комплекс, Ејџелтејк роад, Ејџелтејк Ајланд,Маџуро-Маршалски острови МХ 96960

**вкупниот износ на основната главнина ќе изнесува 2.700.466,75 Евра или 165.108.900,00 денари во денарска противвредност според курсот на НБРМ од кој :**

**2.547.966,75 Евра** или **155.805.900,00 денари** во денарска противвредност според курсот на НБРМ или 94,3% од вкупната главнина е влог на содружникот АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама-Република Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година

**2.500 Евра или 153.000,00 денари** во денарска противвредност според курсот на НБРМ или 0,10% од вкупната главнина е влог на ГАЛА ХОЛДИНГС ИНК Траст Компани Комплекс,Ејџелтејк роад, Ејџелтејк Ајланд ,Маџуро Маршалски Острови и

**150.000 Евра или 9.150.000,00 денари** во денарска противвредност според курсот на НБРМ или 5,6 % од основната главнина е влог на СТЕЛАР ИНТЕРНЕШАНАЛ С.А. со седиште во Траст Компани Комплекс, Ејџелтејк роад, Ејџелтејк Ајланд,Маџуро-Маршалски острови MX 96960.

Чл.4

Се овластува управителот на друштвото КРСТЕВСКА ЛЕЛА од Скопје, [redacted] издадена во ГУВР Скопје да во име на друштвото ги потпише и ги завери кај овластен нотар сите потребни акти и документи за зголемување на основачкиот влог на друштвото и да поднесе пријава до Централен регистар на Р.Македонија.

Чл.5

Оваа Одлука важи од денот на донесувањето,а ќе стапи во сила од денот на уписот во трговскиот регистар.

**Содружници:**

За АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А Панама
Полномошник

/Адвокат Караиванова Јулијана/

За СТЕЛАР ИНТЕРНЕШАНАЛ СА.
Маршалски острови
Полномошник

/адвокат Зоран Шуклев/

За ГАЛА ХОЛДИНГС ИНК Маџуро
Полномошник

/адвокат Жаклина Караниколова Пинзовска/